Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 323/0306
06.12 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28-ми ноември 2022 година, врз основа на примена жалба од „Субверзивен фронт“ Здружение за сексуални и родови малцинства, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „ДоказМ.мк“, насловен „Ирена Попова е швалерката на Грујо во Будимпешта“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 15-ти ноември 2022 година, „Субверзивен фронт“ Здружение за сексуални и родови малцинства поднесе жалба за текстот со наслов „Ирена Попова е швалерката на Грујо во Будимпешта“, објавен на 14-ти ноември 2022 година на интернет – порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazm.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување, говор на омраза, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар и нарушување на приватноста, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 7, 10 и 13.

Дополнително, жалителот истакнува дека преку омаловажувачки говор и објавување вознемирувачка и сексистичка содржина, медиумот се обидел да ја дискредитира жената, која се споменува во текстот. Од „Субверзивен фронт“, меѓу другото, во содржината препознаваат и вознемирување врз основа на род и пол.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот на „ДоказМ.мк“ се прекршени членовите 1, 10, 11, 12 и 15 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема*

*да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

***Член 11:** „Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија(...).“*

***Член 12:** „Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.*

***Член 15:** „Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „ДоказМ.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28-ми ноември 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за несериозен новинарски текст, кој се коси со најосновните етички стандарди и нема допирни точки со професионалното новинарство. Станува збор за квази медиум, кој во континуитет пласира некоректни и неетички текстови. Искуствата на Советот за етика, и овој пат потврдуваат дека содржините на порталот „ДоказМ.мк“ треба да бидат примени со исклучителна резерва од страна на публиката.

Оспорениот текст е без автор. Содржината е еднострана и сензационалистичка. Предмет на опсервација е советничка во Советот на Град Скопје, наведена со име и презиме, а која медиумот ја посочува за наводни „блиски врски“ со поранешниот премиер Никола Груевски во Будимпешта. Иако се работи за јавна личност, јавниот интерес е незначителен и ниту одблиску не го оправдува правото да се навлезе во приватноста на поединецот. Комисијата и овој пат се согласи дека има огромна разлика меѓу она што е јавен интерес и она што можеби би било интересно за дел од јавноста.

Анонимниот автор на „ДоказМ.мк“ користи непристоен јазик и дискриминира, а при тоа не наведува ниту еден извор врз основа на кој ги темели информациите.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот се прекршени редица членови од Кодексот на новинари, поаѓајќи од **член 1** од Кодексот на новинарите, во делот дека проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и оти затоа новинарот е

должен да ја провери информацијата што е можно повеќе. Ваквата отстапка е особено нагласена во насловот од текстот и во завршните реченици од текстот:

***„Ирена Попова е швалерката на Грујо во Будимпешта“.***

***„Како е Огнен од хирургија, како е оној од дирекцијата, и на крај како е Никола Груевски, знаеш дека те викаат Ирена на шефот што три пути неделно идеше кај Грујо? Така те оговараат жими тебе ич не знам зашто а убава си брате исто како Боркица…“***

Онлајн медиумите нема да објавуваат неточни, пристрасни или манипулативно обликувани текстови, фотографии или други содржини со кои читателите намерно се доведуваат во заблуда. Тие нема да објавуваат неосновани обвинувања, клевети, гласини, измислени интервјуа, анонимни дописи и други информации чија кредибилност не може да се процени и ќе настојуваат секогаш да го наведат изворот на информацијата со конкретно и прецизно упатување на тој извор.

Онлајн медиумите ќе известуваат само врз основа на факти чие потекло му е познато на новинарот, повикувајќи се на различни извори на информации и, по правило, потпирајќи се на јасно идентификувани и веродостојни извори.

Во продолжение, Комисијата препозна и елементи на дискриминација, во случајов, врз основа на брачна состојба. Таквото информирање е спротивно на **член 10** од Кодексот на новинарите, која јасно налага дека новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа. Ваквото прекршување е забележително во следните две реченици од текстот:

***„За оваа мивка која се разведе поради секс скандалите со Груевски од сопругот беше директорка на школо сега е советничка во град Скопје професорка по физичка култура спортистка де..“***

***„Иренче знам дека си во тежок период семеен развод...“***

Кога известуваат за проблемите на различните групи и заедници во општеството, онлајн медиумите ќе пристапуваат крајно внимателно, ќе употребуваат коректна и стандардизирана терминологија и нема да употребуваат навредливи коментари или изрази со кои несвесно ќе ги создаваат или ќе ги засилуваат стереотипите за нив. Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Во овој контекст, Комисијата препозна и повреда на **член 11** од Кодексот на новинарите, според кој новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија(...). Ваквата отстапка е нагласена во следната реченица од текстот:

*„Најнова вест Попова зела цел месец одмор цел месец ке има прцензи бите…со Гујо“*

Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед и социјалниот статус.

Секогаш треба да се избегнуваат фрази кои во себе носат шовинистички, сексистички или какви било други дискриминаторски конотации.

Во продолжение, Комисијата се согласи и дека во текстот се користи навредлив и непристоен јазик, што се коси со **член 15** од Кодексот на новинарите, кој вели дека новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката и оти неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа, а во своите новинарски содржини ќе избегнува користење непристоен или вулгарен јазик (пцовки, погрдни зборови, омаловажувачки изрази). Употребата на вулгарен или непристоен јазик мора да биде уреднички оправдана од аспект на јавниот интерес и очекувањата на публиката, без разлика на новинарскиот жанр во кој се користи.

На крајот, членовите на Комисијата утврдија дека во предметниот текст на „ДоказМ.мк“ има прекршување и на **член 12** од Кодексот на новинарите, во делот дека текстовите и другите објавени содржини во онлајн медиумите треба да се потпишани од новинар или друг автор.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595